ИСПИТНА
ПРОГРАМА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО
СЕКТОР ЗА ИСПИТИ

ДРЖАВНА МАТУРА И ЗАВРШЕН ИСПИТ

# ИНТЕРНА И ПЕДИЈАТРИЈА СО НЕГА

СРЕДНО СТРУЧНО
ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, 2005

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО
СЕКТОР ЗА ИСПИТИ

**ИСПИТНА ПРОГРАМА**

# ИНТЕРНА И ПЕДИЈАТРИЈА СО НЕГА

**ДРЖАВНА МАТУРА И ЗАВРШЕН ИСПИТ ВО СРЕДНОТО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ**

Испитната програма по **интерна и педијатрија со нега** за државна матура и за завршен испит во средното стручно образование е донесена со решение на министерот за образование и наука бр. 11-136/1 од 11.01.2006 година.

# 1. ВОВЕД

Испитната програма е основен документ на кој се базира матурскиот испит и завршниот испит по предметот ИНТЕРНА И ПЕДИЈАТРИЈА СО НЕГА и има за цел да ги информира учениците, наставниците и родителите за сите елементи на матурскиот и завршниот испит.

Со програмата се утврдува содржината, описот на испитот и начинот на оценување на матурскиот испит по интерна и педијатрија со нега во **здравствената струка**, за образовниот профил **медицинска сестра - техничар**.

Испитната програма се темели на наставните програми по интерна и педијатрија со нега за III и IV година (според старите наставни планови и програми) кога предметот се изучува како посебно стручен предмет.

Испитната програма ги содржи следните компоненти:

- Општа цел на испитот
- Содржина на испитот
- Спецификација на подрачјата и способностите
- Конкретизација на целите
- Спецификациска мрежа на испитот
- Опис на испитот
- Начин на оценување.

## 2. ОПШТА ЦЕЛ НА ИСПИТОТ

**Целта** на матурскиот испитот по ИНТЕРНА И ПЕДИЈАТРИЈА СО НЕГА е да се провери дали ученикот поседува знаења кои ќе му овозможат да го продолжи образованието на високообразовните институции и каква е неговата оспособеност да ги применува стекнатите знаења и умееања во секојдневниот живот.

Завршниот испит има сертификациска улога има за цел да провери дали ученикот поседува знаења и умеења за изведување на професионална дејност.

За да го положи испитот ученикот треба:

- да поседува знаења и умеења од основите на интерната медицина и педијатрија;
- да користи медицинска терминологија од соодветните подрачја;
- да ги согледува карактеристиките на болестите на различна возраст;
- логички да расудува и да воспоставува односи меѓу одделни подрачја и поими (не се однесува за завршниот испит);
- да го применува знаењето од предметот во различен и соодветен контекст.

## 3. СОДРЖИНА НА ИСПИТОТ

### 3.1. Спецификација на подрачјата (содржините) и способностите

Во испитната програма се опфатени следниве подрачја (П):

- **П1:** Новородено и недоносено
- **П2:** Исхрана
- **П3:** Болести на дигестивниот и уринарниот систем
- **П4:** Болести на респираторниот систем
- **П5:** Болести на срцето, крвните садови и крвта
- **П6:** Болести на централниот нервен и ендокриниот систем

Способностите (С) коишто треба да ги поседува ученикот се групирани во три категории:

- **С1:** ***да познава поими, факти, стручна терминологија, процеси и промени*** (препознава, набројува, лоцира, именува, дефинира, означува и др.);
- **С2:** ***да разбира и применува поими, факти и законитости на конкретни примери, во друга ситуација*** (класифицира, применува, одредува, определува, трансформира, објаснува, наведува пример, воочува, поврзува, дополнува, разликува, подредува, споредува, евидентира податоци и др.);
- **С3:** ***размислува логички и системски*** (воспоставува врски и односи, поставува алгоритам, организира и анализира податоци според определено барање, изведува заклучок, докажува, претпоставува, вреднува и сл.).

---

* **С3** не се однесува за учениците кои полагаат завршен испит.

## 3.2. Конкретизација на целите (знаењата и способностите) по подрачја

| ПОДРАЧЈЕ 1: НОВОРОДЕНО И НЕДОНОСЕНО | |
|---|---|
| ***Содржина*** | ***Знаења и способности*** |
| **1.1. НАДВОРЕШЕН ИЗГЛЕД**<br><br>**1.2. ФИЗИОЛОШКИ ОСОБЕНОСТИ**<br><br>**1.3. БОЛЕСТИ**<br><br>**1.4. НЕГА НА НЕДОНОСЕНО И НЕДОСТАСАНО** | *Ученикот треба:*<br><br>- да **препознава:**<br>• карактеристики на надворешен изглед на новороденче и недоносено (глава, врат, граден кош, абдомен, екстремитети, папочна врвца-третман и нега при инфекции);<br>• биолошките појави кај новороденче;<br><br>- да ги ***дефинира*** поимите новородено, недоносено и недостасано;<br><br>- да ги ***набројува и опишува:***<br>• факторите кои влијаат на родилната тежина и висина;<br>• пренатално условените болести (Syndroma Down, Rh инкопатибилија***)***;<br><br>- да ги ***објаснува*** физиолошките особини и функции на новороденче (фетален и постнатален крвоток, респираторен систем, дигестивен систем, уринарен систем, нервен систем и сетилни органи);<br><br>- да **разликува** биолошки од патолошки карактеристики (vernix caseosa,erytema neonatorum, caput succedaneum, icterus physiologicus neonatorum, физиолошки пад на тежината, транзиторна хипертермија, хормонални реакции на бременоста);<br><br>- да ги ***анализира*** различните видови родилен травматизам (повреди на кожа и поткожно ткиво, повреди на мускули и коски, повреди на ЦНС и ПНС);<br><br>- да ги ***класифицира*** основните видови на асфиксија и АПГАР-от;<br><br>- да ***поврзува*** карактеристики на недоносеното со третманот (прва помош при раѓање, одржување на дишење, одржување на телесна температура, заштита од инфекции). |

| ПОДРАЧЈЕ 2: ИСХРАНА | |
|---|---|
| ***Содржина*** | ***Знаења и способности*** |
| **2.1. ПРИРОДНА ИСХРАНА**<br><br>**2.2. ВЕШТАЧКА ИСХРАНА**<br><br>**2.3. ДОПОЛНИТЕЛНА ИСХРАНА**<br><br>**2.4. ДВОВИДНА ИСХРАНА**<br><br>**2.5. ДИЕТЕТСКИ РЕЖИМ ПРИ ЗАБОЛУВАЊА** | *Ученикот треба:*<br><br>- да ги ***објаснува*** предностите на природната исхрана (анатомија и физиологија на млечна жлезда, состав на мајчино млеко);<br>- да ја ***познава*** техниката на доење и компликациите до кои може да дојде при доењето<br>- да ги ***класифицира и да ги разликува*** контраиндикациите за доење од страна на мајката и на детето;<br>- да ги ***елаборира*** разликите помеѓу природна и вештачка исхрана;<br>- да ги ***познава*** постапките и да го ***објаснува*** начинот на приготвување на млечна и немлечна храна (состав, прибор, техника);<br>- да ја ***осознае*** улогата на витаминот **Д** и последиците при негов дефицит (Rachitis***)*** и антирахитична превенција;<br>- да ***познава*** диететски режим при одделни заболувања (болести на органи за варење, органи за дишење, срце и крвни садови, крв, мочни органи и на жлездите со внатрешно лачење). |

| ПОДРАЧЈЕ 3: БОЛЕСТИ НА ДИГЕСТИВНИОТ И УРИНАРНИОТ СИСТЕМ | |
|---|---|
| ***Содржина*** | ***Знаења и способности*** |
| **3.1. ВРОДЕНИ АНОМАЛИИ**<br><br>**3.2. ВОСПАЛЕНИЈА**<br><br>**3.3. БОЛЕСТИ НА ЦРНИОТ ДРОБ И ЖОЛЧНОТО КЕСЕ**<br><br>**3.4. ТУМОРИ** | *Ученикот треба:*<br><br>- да ги ***набројува и објаснува:***<br>• вродените аномалии на органите за варење (аномалии на уста, атрезија на езофагус, хипертрофична стеноза на пѕлорус, атрезија и стеноза на дуоденум, meconium ileus, megacolon congenitum, атрезија на ректум и анус);<br>• симптомите и компликациите на воспалителните процеси во дигестивниот систем (акутно и хронично воспаление на желудникот, чир на желудникот и дванаесетпрстно црево, воспаление на слепо црево, воспаление на панкреас, жолчно кесе и жолчна литијаза) и уринарниот систем: (glomerulonephritis), (pyelonephritis), акутна и хронична бубрежна инсуфициенција, нефротски синдром и бубрежна литијаза;<br>• етиологија на воспаленија , болести и тумори на дигестивниот систем, уринарниот систем и црниот дроб со жолчното кесе;<br><br>- да ги ***класифицира*** нарушувањата во исхраната според нивниот тек (акутни и хронични)), клиничката слика, терапијата и негата;<br><br>- да ги ***познава:***<br>• особеностите на терапијата при воспаленијата на дигестивниот и уринарниот систем и да го приспособува диететскиот режим според видот на заболувањето;<br>• симптоми и тек на на заболувањата на црниот дроб и жолчното кесе *(cirrhosis hepatis, cholelitiasis, cholecystitis)*;<br>• симптоми ***на*** тумор ( карцином на желудник, карцином на дебело црево и карцином на црн дроб);<br><br>- да ги ***набројува*** основните методи на испитување и дијагностика при болестите на дигестивниот и уринарниот систем;<br><br>- да ја ***поврзува:***<br>• болеста со соодветната нега и диететскиот режим;<br>• пореметување на функцијата со појавата на симптомите;<br><br>- да ги ***локализира и класифицира*** туморите на уринарниот систем, да ја објаснува нивната симптоматологија и да ја наведува соодветната терапија. |

| ПОДРАЧЈЕ 4: БОЛЕСТИ НА РЕСПИРАТОРНИОТ СИСТЕМ | |
|---|---|
| ***Содржина*** | ***Знаења и способности*** |
| **4.1. ВОСПАЛЕНИЈА**<br><br>**4.2. ТУМОРИ** | *Ученикот треба:*<br><br>- да ***дефинира*** хронична респираторна инсуфициенција, бронхијална астма, асматичен статус;<br><br>- да ги ***набројува и објаснива:***<br>• симптомите на воспалителните процеси на горните дишни патишта : воспаление на (rhinitis, pharyngitis, tonsillitis, laryngitis) и нивни компликации ( sinusitis, otitis media acuta);<br>• симптомите и видови на бронхијална астма;<br>• терапија и нега при респираторни инфекции и бронхијална астма;<br>• дијагностички методи и терапија со нега при: воспаленија на респираторен cscтем и карцином на белите дробови;<br><br>- да ги ***идентификува*** карактеристичните знаци, симптоми и компликации на акутните и хроничните воспаленија на бронхи и бели дробови ( акутен и хроничен бронхит, бронхопневмонија и пневмонија);<br><br>- да ги ***класифицира*** видовите на ТБЦ, нивната етиологија, карактеристични симптоми и знаци, терапија, прогноза и профилакса;<br><br>- да ***познава*** ризик фактори за настанување на карцином на белите дробови и карактеристични симптоми;<br><br>- да ***поврзува*** механизам на настанување на астма со карактеристични симптоми. |

| ПОДРАЧЈЕ 5: БОЛЕСТИ НА СРЦЕТО, КРВНИТЕ САДОВИ И КРВТА | |
|---|---|
| ***Содржина*** | ***Знаења и способности*** |
| 5.1. **ВРОДЕНИ БОЛЕСТИ НА СРЦЕТО И КРВНИТЕ САДОВИ**<br><br>5.2. **СТЕКНАТИ БОЛЕСТИ НА СРЦЕТО**<br><br>5.3. **БОЛЕСТИ НА КРВТА** | *Ученикот треба:*<br><br>- да ги ***набројува:*** вродените аномалии на срце и крвните садови (аномалии со десно- -лев шант, аномалии со лево-десен шант, аномалии без шант) и нивните карактеристики; стекнати болести на срце и крвните садови:ревматска треска, срцева инсуфициенција, воспаление на срцето (ендокард-endocarditis, воспаление на миокард-myocarditis, воспаление на перикард - pericarditis, етиологија и симптоматологија, pankarditis), зголемен крвен притисок, инфаркт на срце и нивните карактеристики;<br><br>- да го ***објаснува:***<br>• механизмот на настанување на ревматска треска, срцева инсуфициенција, воспаление на срцето и зголемен крвен притисок, инфаркт на срце;<br>• симптоми и компликации при срцева инсуфициенција;<br><br>- да ги ***класифицира*** анемиите според етиологијата;<br><br>- да ги ***познава:***<br>• симптомите и карактеристиките на анемија, леукемија и хемофилија;<br>• карактеристики на пореметување на срцевиот ритам (забрзана работа на срцето - tachykardija, успорена работа на срцето - bradykardija и неправилен ритам -arithmija;<br>• дијагностички методи за болести на срцето, крвните садови и крвта;<br>• апликација на крв и крвни деривати (крвна група, Rh фактор ), индикации и постапки.<br>• хигиено диететски режим кај заболувањата на срцето и крвните садови.<br><br>- да ***разликува***:<br>• симптоми на ангина пекторис и инфаркт;<br>• ризик фактори за коронарна болест. |

| ПОДРАЧЈЕ 6: БОЛЕСТИ НА ЦЕНТРАЛНИОТ НЕРВЕН И ЕНДОКРИНИОТ СИСТЕМ | |
|---|---|
| ***Содржина*** | ***Знаења и способности*** |
| 6.1. **ИНФЕКЦИИ НА ЦЕНТРАЛНИОТ НЕРВЕН СИСТЕМ**<br><br>**6.2. КОНВУЛЗИИ**<br><br>**6.3. БОЛЕСТИ НА ЖЛЕЗДИТЕ СО ВНАТРЕШНО ЛАЧЕЊЕ** | ***Ученикот треба:***<br><br>-да ги ***класифицира:***<br>• воспаленијата на централниот нервен систем;<br>• конвулзиите според причините на настанување;<br><br>- да ја ***познава:***<br>• етиологијата, симптоматологијата и терапијата при менингити и енцефалити;<br>• основните дијагностички методи при воспаленија на централниот нервен систем;<br>• терапијата, диететскиот режим и прогнозата на шеќерната болест;<br>• методите на испитување и терапија при болестите на ендокрините жлезди;<br>• видови на шеќерна болест, карактеристики на тип 1 и тип 2 дијабет;<br>• прва помош при конвулзивен напад;<br><br>- да ги ***набројува*** причините, симптомите и компликациите (хипер и хипо гликемична кома, микро и макроангиопатија, кетоацидоза) од шеќерна болест кај деца и возрасни;<br><br>- да ги ***идентификува и објаснува*** симптомите на хипофункција и хиперфункција на хипофиза, тиреоидеа и надбубрежни жлезди. |

## 4. СПЕЦИФИКАЦИСКА МРЕЖА НА ИСПИТОТ

Спецификациската мрежа на матурскиот испит и завршниот испит опфаќа процентуална застапеност на **подрачјата - П** и **способностите - С** во матурската и програмата за завршен испит чии вредностите се дадени во заграда, (*) , според бројот на бодовите кои може да се освојат на тестирањето по предметот интерна и педијатрија со нега за секое подрачје и секоја способност. По согледувањата на предметната комисија, можни се мали отстапувања (±5).

| **СПОСОБНОСТИ** | **ПОДРАЧЈА** | | | | | | **ЗАСТАПЕНОСТ (%)** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **П1** | **П2** | **П3** | **П4** | **П5** | **П6** | |
| **$C_1$** | | | | | | | 60 (70*) |
| **$C_2$** | | | | | | | 30 (30*) |
| **$C_3$** | | | | | | | 10 |
| **ЗАСТАПЕНОСТ (%)** | 25 | 10 | 25 | 15 | 15 | 10 | 100 |

- **С1:** ***да познава поими, факти, стручна терминологија, процеси и промени***
- **С2:** ***да разбира и применува поими, факти и законитости на конкретни примери, во друга ситуација***
- **С3:** ***размислува логички и системски (*** се однесува само за матурскиот испит)

- **П1:** Новородено и недоносено
- **П2:** Исхрана
- **П3:** Болести на дигестивниот и уринарниот систем
- **П4:** Болести на респираторниот систем
- **П5:** Болести на срцето, крвните садови и крвта
- **П6:** Болести на централниот нервен и ендокриниот систем

## 5. ОПИС НА ИСПИТОТ

Испитот по предметот ИНТЕРНА И ПЕДИЈАТРИЈА СО НЕГА се изведува по писмен пат и се состои во решавање на тест.

Времетраењето на тестот за ***матурскиот испит*** изнесува 120 минути и се работи без пауза. Тестот содржи околу 50 испитни задачи, поделени во три групи според видот на задачите:

- задачи на кои се одговара со заокружување на еден од понудените одговори;
- задачи од отворен тип на кои се одговара со дополнување или поврзување, како и решавање на поедноставни прашања и проблеми, при што се одговара на бараниот начин и на определеното место;
- посложени прашања и проблеми преку кои ученикот треба да ја покаже целата постапка на решавање, да даде подолг одговор или образложение или да воспостави заемни врски и односи.

Времетраењето на тестот за ***завршниот испит*** изнесува 60 минути и се работи без пауза. Тестот содржи околу 30 испитни задачи, поделени во две групи според видот на задачите (од првите две категории).

## 6. НАЧИН НА ОЦЕНУВАЊЕ

Вкупниот број на бодови што можат да се освојат на **матурскиот испит** е околу 80.

Точниот одговор на задачите со повеќечлен избор (во кои се бара ученикот да избере еден од одговорите што се понудени) се оценува со 1 бод. Доколку точно ги реши задачите од овој тип ученикот може да освои околу 30 бода.

Точниот одговор во задачите на кои се одговара со дополнување или поврзување, како и решавање на поедноставни прашања и проблеми на кои се бара кус одговор (со еден или неколку зборови), се оценува со 2 до 3 бода. Со точното решавање на ваквите задачи ученикот може да освои околу 30 бода.

Задачите од третиот тип се оценуваат така што одделно се оценува точното решавање во секоја фаза од одговарањето на барањата на задачата. Зависно од бројот на барањата овие задачи се оценуваат со 3 до 5 бода. На ваквите задачи, ако точно ги реши, ученикот може да освои околу 20 бода.

Оценувањето ќе се врши од страна на комисија, врз основа на однапред изготвено упатство и критериуми.

На тестот од **завршниот испит** може да се освојат околу 40 бода, од кои околу 20 за првиот и околу 20 за вториот тип на прашања.